# ДА ГИ ПРЕДУПРЕДИМЕ НЕПОЧИТУВАЧИТЕ НА УСТАВОТ!

Политичарите и манипулантите го гледаат филмот од средина, додека оние кои ги интересира вистината го гледаат од почеток. Па, така Албанците и Западот велат дека војната во Македонија била создадена од Стојан Андов, при тоа "заборавајќи" на вистината дека Албанците одбија да учествуваат во донесувањето на Уставот, со што ја зачуваа можноста со војна да се изборат против македонскиот авторитет и за своите фотелји. На тој начин тие направија држава заедно со СДСМ, по пат на парчосување полицајци и сега очекуваат народот тоа да го почитува.

Лошо е кога Уставот го кршат оние кои треба први да го почитуваат, па затоа мора да им се одземе недопирливоста и монополот на Владата на четиригодишен апсолутизам, карактеристичен за времето на Луј XIV и некарактеристичен за ниту една европска земја. За да се добие демократска и одговорна влада треба да се почитуваат и демократските правила, а за да се постигне тоа, треба да се напушти ексклузивното право на власт на Албанците во секоја влада.

Ова треба да се направи, доколку навистина се сака да се изгради правна држава и да се воспостави одговорна власт. Бидејќи, како што се вели, "рибата смрди од главата". Се надевам дека "господинот Запад" и ова ќе го земе предвид.

**Богдан Иванов**

**Рубриките ФОРУМ и ПИСМА ја отсликуваат нашата отвореност кон јавноста. Овде автентично објавуваме и текстови кои не се во согласност со нашата уредувачка политика.**









